# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-37/12 од 22.1.2014 година донесена на 49. седница на наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 22.1. 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *педагогија* и *образование на наставници* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, на 25.12.2013 година. Во предвидениот рок на Конкурсот се пријави д-р Деспина Сивевска, асистент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По анализата на приложените материјали и документација, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Соња Петровска – претседател, проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева – член и проф. д-р Анета Баракоска – член, со особена чест и задоволство на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки му го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Деспина Сивевска** е родена на 12 март 1978 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно (УМЦ „Јане Сандански) образование завршува во родното место со континуиран одличен успех. Во учебната 1996/1997 година своето образование го продолжува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Универзитетските додипломски студии ги завршува во 2000 година со просечен успех 8, 55 и се здобива со звање - дипломиран професор по одделенска настава.

Уште истата година Деспина Сивевска се запишува на постдипломски студии на Институтот по педагогија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“– Скопје. Предвидените испити ги положува со просечен успех 8,90. На 24.10.2007 година го одбранува својот магистерски труд на тема „*Јавната и културната дејност и мултикултурализмот“,* под менторство на проф. д-р Марија Костова со што се здобива со звање магистер по педагошки науки.

Водена од желбата за понатамошно усовршување и истражување во областа на педагогијата, кандидатката своето образование го продолжува на докторските студии на Институтот по педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“– Скопје. Во 2009 година ѝ е прифатена тема за докторска дисертација со наслов *„Емоционалната клима и однесувањето на учениците во училиштето“*. Под менторство на проф. д-р Марија Костова на 13 март 2012 година Деспина Сивевска го одбранува својот докторски труд и се стекнува со звање доктор по педагошки науки.

Во моментов д-р Деспина Сивевска работи како асистент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Освен што успешно ги остварува наставните обврски, таа континуирано работи и на својот професионален развој преку посетување на сертифицирани обуки во полето на образованието. Солидно го владее англискиот јазик и располага со компјутерски знаења и вештини: MS Office (Word, Excel, Power Point) и статистички пакети (SPSS  и STATISTICA).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Својата универзитетска кариера д-р Деспина Сивевска ја започнува на 26 декември 2007 година, кога со Одлука бр. 0210-7338/8-2 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, а по претходно објавен конкурс, е избрана за асистент по група педагошки предмети на Одделот за одделенска настава. Деспина со високо ниво на посветеност и одговорност ги релизираше вежбите по Методика на наставата по природа и општество 1, 2, 3 и 4 и Методика на наставата по математика 1, 2, 3 и 4.

На 26 август 2011 година, со Одлука бр. 2102-136/11 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката е реизбрана во истото звање асистент во наставно-научните области педагогија и образование на наставници. Согласно со ревидираните студиски програми на Одделот за одделенска настава, Сивевска е ангажирана за реализација на вежбите по Методика на наставата по природа и општество 1 и 2, Методика на наставата по математика 1 и 2 и Техничко образование со методика. Во последните две години Сивевска е ангажирана како асистент и на други педагошки предмети: Педагогија на слободно време, Организација на училишна установа, Методика на воспитно-образовната работа по природната и општествената средина 1 и 2, Инклузивно образование.

Кандидатката во своето шестгодишно работно искуство како асистент кој работел со повеќе професори и имала обврска да ги продлабочува своите знаења во повеќе дисциплини покажала висок степен на кооперативност, инвентивност, па и организациски способности.

Д-р Деспина Сивевска има објавено две учебни помагала (скрипта и практикум), кои студентите на Факултетот за образовни науки ги користат како основна литература по предметот Педагогија на слободно време (Електронска верзија: Педагогија на слободно време – скрипта, 2013 и Педагогија на слободно време – практикум, 2013, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип).

Целокупниот научноистражувачки и стручен опус на д-р Деспина Сивевска е презентиран на повеќе меѓународни и домашни конференции, конгреси, собири и симпозиуми, публикуван во изданија достапни на домашната и на меѓународната јавност.

***Објавени научни и стручни трудови - евалуација***

Во периодот 2007-2013 година, кандидатката ги има објавено следниве научни и стручни трудови:

1. Cackov K, **Sivevska D**., *Ecological learning in educational process in Balkan country - Bridge to become closer*, International Scientific Conference “EVROART” – Intercultural dialogue and integration , Blagoevgrad, Bulgaria, 12-13 May 2008

Во трудот се дадени насоки како да се реализира еколошката едукација, со цел да им се помогне на децата и младите да стекнат знаење и изградат ставови за значењето и неопходноста од еколошка едукација, како и да се поттикне развојот на еколошката свест.

2. **Сивевска Д.,** Стојанова Б., *Агресивно однесување на учениците - манифестација, детерминанти и превенција*, Меѓународна научно-практична конференција, „Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век“, 23 мај 2008 г., Штип

Агресивното однесување е сè почест проблем во училиштата. Оваа состојба претставува инспирација за пишување на овој труд. Авторите ја нагласуваат и актуализираат потребата од комплементарно и организирано дејствување на сите институции во општеството кои се одговорни за правилен и безбеден развој на децата и младите.

3. **Сивевска Д.,** Цацков К, *Наставното ливче во функција на индивидуалната работа на ученикот - апликативност, творештво и самостојна работа*, Меѓународна научно-практична конференција, „Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век“, 23 мај 2008 г., Штип

Современата информатичка технологија сè повеќе навлегува во наставата и бара нејзино осовременување и приспособување на современите текови. Во тој развоен процес посебно место е дадено на тенденцијата за адаптирање на воспитно-образовните активности кон индивидуалните можности, вештини и знаења на секој ученик, а еден од начините на

којшто може да се постигне е преку користењето на наставните листови во наставата, со цел да се поттикнат креативноста, творештвото и самостојноста кај ученикот.

4. **Сивевска Д.,** *Јавната и културната дејност и мултикултурализмот (Public and cultural activity and multicultural education)*, IV International Scientific Conference "Contemporary intention in education", Ohrid, 13-15 june 2008

Во трудот авторот преку теориска и емпириска анализа ја потврдува хипотезата дека училиштето, како образовна институција, преку активностите на јавната и културната дејност може да придонесе за развој и промоција на мултикултурализмот и да обезбеди инклузивна средина за децата кои припаѓаат на ромската етничка заедница.

5. Cackov K, **Sivevska D**.,*Teaching the subject teaching methods of Nature and Society studies in the function of ecological education*, The Third International Symposium of the Ecologists of the Republic of Montenegro (ISEM3), Herceg Novi, Montenegro, 8 – 12 October, 2008

Во овој текст се дадени насоки како да се имплементираат содржини од еколошкото образование во предметот Методика на наставата по природата и општеството, со цел да ѝ се помогне на младата популација да стекне знаења и навики за еколошко однесување, поттикнување на еколошка свест, однесување и стил на живеење во однос на животната средина.

6. **Sivevska D.,** Cackov K., *Университет Климента – очаг славянской культуры и письменности / Климентовиот универзитет – расадник на словенската култура и писменост,* Международный научный симпозиум «Славянские языки и культуры в современном мире», Москва, филологический факультет МГУ им. М. В. Ломоносова, 24–26 марта 2009 г. (http://www.philol.msu.ru/~slavmir2009/participants/?l=C)

Образованието во Република Македонија има свои длабоки историски корени кои се поврзани со делата на Кирил и Методиј и нивните ученици Климент и Наум. Во трудот е прикажана Климентовата сестрана педагошка активност, со што се потврдува нивниот придонес во развојот на Охридската книжевна школа до прв Европски универзитет.

7. **Сивевска Д.,** *Застапеноста на етничките малцинства во образовниот систем на Република Македонија – со посебен аспект кон ромската етничка група*, (*Insensibleness of ethnic minority in educational system of Republic of Macedonia – with special aspect against Roman ethnical group)* 12th International Conference, *Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice*, Ohrid, 25-27June 2009

Образованието на децата од маргинализираните групи, вклучувајќи ги и децата од ромската популација, е посебен педагошки предизвик. Во трудот се анализирани клучните семејни социоекономски фактори кои значајно влијаат врз училишните постигнувања на овие деца, како и стратегиите и акциите што се предлагаат за нивна поголема вклученост во редовниот образовен систем.

**Sivevska D**.,Stojanova, B.,*Life-long learning as need and challenge of education of 21 centuries*, International Conference of Education, Research and Innovation (ICERI 2009), Madrid**,** Spain, 16**-**18, November, 2009 (http://www.iated.org/concrete2/session_detail.php?session_id=287 )

Времето во коешто живееме придонесува до брзо застарување на претходните знаења и зголемување на количината на нови знаења. Во трудот се аргументира потребата од доживотно учење кое на поединецот ќе му помогне не само да се стекне со нови знаења, туку и да развие техника за размислување, способност за учење, успешно решавање на проблемите и капацитет самостојно да стекнува нови знаења.

8. **Sivevska D**.,Stojanova, B.*, Learning through computer games,* The 3rd International Conference on Advanced and systematic research, 3rd special focused symposium: Curriculums of early and compulsive education, Zadar, Croatia, 12th to 14th November 2009

Компјутерските игри денес се особено омилени меѓу младите. Во трудот се аргументираат позитивните и негативните ефекти врз развојот на децата и младите од користењето на овој вид игри. Авторите продуцираат ново прашање на кое и педагошката практика и наука треба да дадат одговор: како може да се употреби моќта на компјутерските игри како конструктивна сила во училиштето, домот и на работа?

9. Cackov K, **Sivevska D**., *The need for application of information technologies in educational process,* The 3rd International Conference on Advanced and systematic research, 3rd special focused symposium: Curriculums of early and compulsive education, Zadar, Croatia, 12th to 14th November 2009

Времето во коешто живееме наметнува промени во сите сфери на живеење и работење, вклучувајќи го и образованието. Во трудот се укажува на потребата од примена на информатичката технологија во образовниот процес, со цел негово унапредување од аспект на развој на самостојноста, креативноста и творештвото кај учениците.

**Sivevska D.,** *Instigation and development of gifted in school*, World Conference of Educational Sciences, Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8, February 2010 (http://www.wces2010.org/)

Во трудот се прави обид да се анализира третманот кој надарените и талентираните деца го имаат во образовниот систем и да се детектираат проблемите на кои тие наидуваат во текот на своето школување (недостатокот на разбирање од наставниците и врсниците, недоволно постоење на наставни материјали и содржини, како и неможноста целосно да го искажат својот талент).

10. **Сивевска Д**., *Фактори кои влијаат врз креирањето на позитивна клима во училиштето (Factors affecting the creation of positive school climate)*, Петти научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО", Охрид, 28 - 29 мај 2010

Постоењето на позитивна клима во одделението е значајно, бидејќи води кон поголем и поквалитетен ангажман на наставникот при реализирањето на воспитно-образовните цели, подобро училишно постигнување на учениците, попозитивни ставови на учениците кон наставниците и училиштето, како и подобри интерперсонални односи меѓу учениците. Во трудот се укажува на факторите кои придонесуваат во креирањето на позитивна клима во класот, кои меѓусебно се поврзани и испреплететни, со посебен акцент на наставникот како еден од нив (неговата стручност, стил на раководење, лични карактеристики).

11. **Sivevska D.,** Cackov, K., *Application of computers and educational computer software in teaching nature and society,* Шести симпозиум со меѓународно учество на тема: ТЕХНОЛОГИЈА, ИНФОРМАТИКА И ОБРАЗОВАЊЕ ЗА ДРУШТВО УЧЕЊА И ЗНАЊА – ТИО6, Чачак, 3-5 јуни 2011

Современата настава по природа и општество подразбира примена на компјутери и образовни компјутерски софтвери. Во трудот се потенцирани придобивките од примената на ИКТ во наставата (полесно усвојување на концепти, разбирање на природните феномени и процеси, увидување на односите меѓу живите суштества и меѓу живата и неживата природа, мотивира на вклученост/активност.

12. **Сивевска Д.,** *Интеркултурализмот и мултикултурализмот како димензии на современиот воспитно-образовен систем (Interculturalism and multiculturalism as dimensions of the modern educational system*), VI меѓународен Балкански конгрес за образование и наука на тема „Современото општество и образованието", Охрид, 30 септември и 1 октомври 2011 година.

Интеркултурализмот и мултикултурализмот сè повеќе стануваат реалност на нашето општество. Тие пред општеството и училиштето поставуваат бројни функции и задачи. Во трудот се анализирани сознанија кои ја потврдуваат потребата од промени во курикулумот за иницијално образование на наставниците.

13. **Сивевска Д.,** Цацков, О., *Подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во одделенската настава (The willingness of teachers for application of computers in primary school (I-V grade)*), VI меѓународен Балкански конгрес за образование и наука на тема Современото општество и образованието", Охрид, 30 септември и 1 октомври 2011 година

Во трудот се прикажани резултати од истражување со кое се детектира подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во наставата, условите во кои се реализира наставата со помош на компјутер, применливоста на е-учењето во одделението.

**Sivevska D.**, Stojanova B., Popeska B., *Research of parents' attitudes concerning cooperation with primary school in relation to their socio-demographic characteristics*

(*Ставовите на родителите за соработката со основното училиште во релација со нивните социо-демографски карактеристики*) 4th World Conference of Educational Sciences - WCES, University of Barcelona, Barselona, Spain, 2-5, February 2012 (http://www.wces2010.org/)

Меѓусебна соработка помеѓу родителите и наставниците и стручните служби во основните училишта е клучот за создавање на услови за целокупен развој на детската личност. Во трудот се прикажани резултати од истражување кое за цел има да ги проучи ставовите на родителите за квалитетот на соработката со училиштето во кое учи нивното дете и како таа соработка е условена од нивните социодемографски карактеристики (образовен, економски и брачниот статус, возраста, етничката припадност и верска припадност, редослед на раѓање на детето и семејната структура).

14. **Сивевска Д.,** Цацков, О., *Улогата на воспитувачот во реализирањето на воспитно-образовната дејност во предучилишната установа*, VIII Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу 30 – 31. март 2012, Сокобања

Воспитувачот е еден од значајните фактори кои влијаат на правилното воспитување на секое дете. Во трудот се прикажани резултати од истражување во кое е испитано мислењето на воспитувачите за некои карактеристики на успешниот воспитувач (од што зависи вештината на воспитувачот во реализирање на воспитно-образовната дејност, на кој начин го стекнува авторитетот кај децата, на кој начин се усовршува, колку следи литература за стручно усовршување).

**Sivevska D**., Cackov K., *Computer in methods of teaching nature and society-indispensable factor for the development of individual thought, inventiveness and creativity* (*Компјутерот во методиката на наставата по природа и општество-незаменлив фактор за развојот на индивидуалната мисла, креативност и творештво*) TECHNICS AND INFORMATICS IN EDUCATION 4th International Conference, Technical Faculty Čačak, 1–3rd June 2012 (http://www.tfc.kg.ac.rs/tio2012)

Во трудот се говори за значењето на компјутерот и неговото влијание во сферата на воспитанието и образованието. Промените што настануваат во сите сфери на живеење мора да најдат примена и во конституирањето на новиот тип на наставник кој ќе ги поттикнува учениците на самостојно откривање, истражување, креирање и самостојно творење.

**Sivevska D**., Cackov K., *Interpersonal communication-condition for successful teaching*, »Konferencije Informacione tehnologije i razvoj obrazovanja - ITRO 2012« Zrenjanin, 29. Jun 2012 (http://www.tfzr.rs/itro/index_sr.html)

Интерперсоналната комуникација во воспитно-образовниот процес претставува значаен показател и фактор за постоењето на позитивна клима во училницата. Таа влијае на: училишното постигнување, социјалните односи меѓу учениците и меѓу учениците и наставниците, социјалното однесување на учениците и позитивни ставови кон училиштето.

15. **Сивевска Д.,** Личноста на наставникот и атмосферата во одделението, Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, година 8, волумен 8, 2012 година, (ISSN 1409-9187; UDK 378 (497.7))

Во трудот се укажува на значењето на позитивната работна атмосфера во одделението за квалитетно и успешно реализирање на воспитно-образовниот процес, како и за улогата на наставникот во креирањето на позитивна работна атмосфера.

16. **Сивевска Д.,** *Интерперсоналните односи како индикатори за педагошката клима во училиштето и одделението*, Воспитание (списание за образовна теорија и практика), година 8, број 12, 2013 година, ФОН

Во трудот авторот укажува на значењето на интерперсоналните односи меѓу главните учесници во воспитно-образовниот процес за создавање на позитивна и поттикнувачка одделенска клима. Истовремено го акцентира значењето на наставникот во градењето на интерперсоналните односи во училницата.

17. Petrovska, S., **Sivevska, D**. *How Macedonian educational context supports leadership role of elementary school teachers*, 5th World Conference of Educational Sciences - WCES, Sapienza University of Rome, Italy, February 5, 2013 – February 8, 2013

Во трудот се третира проблемот на лидерството во образовниот контекст, особено се анализираат теориски и емпириски сознанија поврзани со лидерската улога на наставниците во училиштата, а во насока на потврдување на хипотезата дека наставниците имаат клучна улога во процесот на развој на училишната организација и согласно со ова се потврдува потребата од зајакнување на нивните лидерски компетенции.

18. **Сивевска Д.,** *Поврзаноста на одделенската клима и постигнувањата на учениците*, Списание *Учител* (International Journal Teacher), 2013

    Особено значајно прашање кое постојано трага по одговор низ сите образовни реформи е како училиштето може да ги унапреди постигнувањата на учениците и квалитетот на училишниот живот. Поттикнат од оваа состојба, авторот се обидува да го дефинира поимот училишна клима и истата да ја постави во корелација со постигнувањата на учениците.

19. **Sivevska, D.,** Cackov, O., Petrovska, S., *Role of the game in the development of preschool child* (Улогата на играта во развојот на предучилишното дете) LUMEN 2013 International Conference, Iasi, Romania, 10-13 April 2013

    Играта на детето е смислата на неговиот живот во предучилишната возраст. Во трудот се прикажани резултатите од истражување чијашто цел е да се утврди колку играта е застапена во воспитно-образовната работа на предучилишната установа, кои традиционални игри се применуваат во градинката и како современите игри го овозможуваат и помагаат процесот на самостојно доаѓање до знаења.

20. **Сивевска Д**., Цацков, О., Бочварова, Ј. *Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа,* IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ", Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30 март 2013, Сокобања

    Во трудот се третира проблемот на вклученоста на децата од ромска националност во детските градинки во Република Македонија, со посебен осврт на детските градинки во Штип. Проучени се ставовите и мислењата на воспитувачите во врска со: соработката и комуникацијата меѓу македонските и ромските деца во детската градинка, улогата и активноста на наставникот во функција на подобрување на соработката меѓу двете групи деца, обуки и оспособување на наставникот за активно вклучување на ромските деца во групата со македонски деца во детската градинка.

21. **Сивевска Д**., Попеска, Б., Пешова, Б. *Соработката меѓу предучилишната установа и семејството*, IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ", Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30. март 2013, Сокобања

    Меѓусебната комуникација и интеракција меѓу родителите и воспитувачите е од особено значење за децата и нивниот правилен развој. Квалитететот на соработката може да биде условен и од програмите за воспитно-образовна работа по кои работат предучилишните установи. Трудот претставува анализа на програмата за воспитно-образовната работа во предучилишните установи, со цел да се утврди квалитетот и интензитетот на моменталната соработка меѓу воспитувачите и родителите и да се дадат препораки за подобрување на истата.

22. **Сивевска Д.,** Попеска, Б., Пешова, Б. *Карактеристики на (не)успешен наставник*, Научно-стручна трибина на тема „Наставникот - некогаш, денес, утре", Факултет за образовни науки, УГД, Штип, 4.10.2013 год.

    Успешноста или неуспешноста на наставникот е релативна определба која меѓудругото зависи и од контекстот (пред сè временски) во кој наставникот работи, односно во кој се одвива воспитно - образовниот процес. Цел на овој труд е преку анализа на улогите што ги имал наставникот некогаш и денес, барањата кои се поставувале пред него некогаш и она што од него се очекува денес да се утврди профилот на успешен наставник како императив на педагошката професија и основна определба во работата со студентите – идни наставници.

23. **Sivevska D.**, Popeska B., *Place of living and socioeconomic status of students as a factors in organization of their leisure time*, Международна научна конференция, на тема: Съвременни тенденции на физическото възпитание и спорта, Софийският университет, Софија, 8-9.11.2013

Во трудот авторите се обидуваат да откријат како местото на живеење, социоекономскиот статус на студентите и локацијата на факултетот на кој студираат влијаат на организирањето на слободното време на студентите. Откриени се значајни врски меѓу начинот на организирање на слободното време на студентите и различни детерминанти на социо-економскиот статус на студентите.

24. Сивевска Д., Попеска, Б., *Leisure time of the students at Faculty of educational science in Stip* (Слободното време на студентите од Факултетот за образовни науки во Штип), Научни скуп са међународним учешћем на тему: САВРЕМЕНЕ ТЕНДЕНЦИЈЕ У НАСТАВНИМ И ВАННАСТАВНИМ АКТИВНОСТИМА НА УЧИТЕЉСКИМ (ПЕДАГОШКИМ) ФАКУЛТЕТИМА, Учитељски факултет у Врање, Универзитет у Ниш, Врање, 6.12.2013 г.

Имајќи го предвид значењето на слободното време за правилно и целосно развивање на младите личности, авторите се обиделе да ги идентификуваат активностите со кои тие се ангажирани во слободното време, како и нивната информираност и вклученост во активностите што ги нуди Универзитетот. Добиените резултати покажуваат дека повеќето млади своето слободно време не го поминуваат на културен и творечки начин и недоволно се вклучуваат во содржините што ги нуди Универзитетот. Сето ова мора да се има предвид при планирањето на животот и работата на факултетот и уште на почетокот на учебната година да се планираат одредени активности кои би овозможиле студентите квалитетно да го поминат своето слободно време, имајќи ги притоа предвид нивните желби и интереси.

***Учество на домашни и меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и собири во изборниот период 2007-2013 г.***

1. *Агресивно однесување на учениците - манифестација, детерминанти и превенција*, Меѓународна научно-практична конференција, Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век, Штип, Р. Македонија, мај 2008.
2. *Life-long learning as need and challenge of education of 21 centuries*, International Conference of Education, Research and Innovation (ICERI 2009), Madrid, Spain. Ноември, 2009.
3. *Фактори кои влијаат врз креирањето на позитивна клима во училиштето (Factors affecting the creation of positive school climate)*, The 5th International scientific conference, Education for human society, Ohrid, Macedonia. Maj, 2010.
4. *Application of computers and educational computer software in teaching nature and society,* Šesti simpozijum sa međunarodnim učesćem “Tehnologija, informatika, obrazovanje-za društvo učenja i znanja”, Čačak, juni 2011.
5. *Подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во одделенската настава (The willingness of teachers for application of computers in primary school (I-V grade))*, VI меѓународен Балкански конгрес за образование и наука на тема „Современото општество и образованието“, Охрид, 30 септември и 1 октомври 2011 година.
6. *Интеркултурализмот и мултикултурализмот како димензии на современиот воспитно-образовен систем (Interculturalism and multiculturalism as dimensions of the modern educational system*) Balkan Association of Pedagogical and Related Faculties, International Scientific Conference: Initial training of preschool and primary school teacher-current state and prospects, Ohrid, септември 2011.
7. Conference Social Skills and responsibilities of Teachers and Professional Staff in a Multi-ethnic Educational System, Strumica, декември 2011.
8. *Соработката меѓу предучилишната установа и семејството*, IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“, Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30 март 2013, Сокобања.
9. *Role of the game in the development of preschool child* (Улогата на играта во развојот на предучилишното дете) LUMEN 2013 International Conference, Iasi, Romania, април 2013.
10. *Карактеристики на (не)успешен наставник*, Научно - стручна трибина на тема „Наставникот - некогаш, денес, утре“, Факултет за образовни науки, УГД, Штип, 4.10.2013.

11. *Place of living and socioeconomic status of students as a factors in organization of their leisure time,* 5-th International Scientific Conference: Modern trends of physical education and sport, Sofia University, Bulgaria, ноември 2013.
12. *Leisure time of the students at Faculty of educational science in Stip (Слободното време на студентите од Факултетот за образовни науки во Штип),* Научен собир: Саврмене тенденције у наставним и ваннаствaним активностима на учитљским (педагошким) факултетима, Учителски факултет, Врање, декември 2013.

Во рамки на *Темпус проектот JEP 40200-2005* чиј носител беше Педагошкиот факултет во Штип, а во соработка со Педагошкиот факултет во Скопје и Универзитетот за Југоисточна Европа, кандидатот има реализирано студиски престој на Универзитетот во Гронинген, Холандија (во периодот од 18 до 28 јануари 2009 година) (Одлука бр. 2102-33/7 од 10.2.2009 г.). Основна цел на посетата беше анализа на педагошката практика во основни училишта и предучилишни установи.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Деспина Сивевска својот професионален ангажман го пројавува и преку учество во реализација на проектни активности, обуки, семинари и работилници во кои имала можност да се стекнува и да споделува искуства и знаења значајни за унапредување на квалитетот на образованието на наставници и пошироко:

– Обука на тема: Introduction into Teacher Education, University Centre for Learning and Teaching from the University of Groningen, јануари 2009 г.
– Обука на тема: „Интегрирање на IT алатки во наставниот процес“, Центар за електронско учење, УГД Штип, јули 2011 г.
– Семинар на тема: Изготвување на национална програма за професионален развој на Ран детски развој, УНИЦЕФ, Скопје, 31.8-2.9. 2011 г.
– Работилница на тема „Користење интеркултурна комуникација во часовите по методологија”, Универзитет на Југоисточна Европа – SEEU, Тетово, 11 - 12 ноември 2011 (финансирана и поддржана од Владата на Шпанија преку Фондот за милениумски развојни цели, а во партнерство со UNESCO и програмата на Обединетите нации за интеретнички дијалог и соработка (UN programme to enhance Inter-Ethnic dialogue and collaboration).
– Семинар на тема: Social Skills and Responsibilities of Teachers and Professional Staff in Schools, организирана од страна на OSCE, Струмица, 16.12 до 18.12.2011.
– Воведничар - Трибина: *Предизвиците на современиот учител,* 4.10.2012 година, Голема сала на Општина Штип (во организација на Здружението на просветни работници, Општина Штип и Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип по повод Светскиот ден на учителот).
– Трибина: *Наставникот - некогаш, денес, утре,* 4.10.2013 година, во организација на Факултет за образовни науки, УГД - Штип.
– *Ран детски развој – 2006 и Социјален развој на заедницата – 2006,* Национални проекти реализирани по иницијатива и со финансиска помош на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје.
– *Темпус проект JEP 40200-2005*, „*Интегрирање на е-учење преку курикулумот за учители*“, носител: Педагошкиот факултет во Штип во партнерство со Педагошки факултет - Скопје и Универзитетот за Југоисточна Европа, на Универзитетот во Гронинген, Холандија (2006-2009).
– Проектот „*Рака за рака: Малите Бугарчиња и Македончиња*“, проект на Општина Василево и Општина Струмјани, Република Бугарија, финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка на Европската унија. 1. Предавачи: проф. д-р Соња Петровска и асистент д-р Деспина Сивевска на тема: Потреба од вклученост на децата од руралните средини во организирано предучилишно воспитание, 27-28.12.2012, Струмјани, Република Бугарија; 2. Фасцилитатори и креатори на работилница: проф. д-р Соња Петровска и асистент д-р Деспина Сивевска на тема: *Проблеми, предизвици и решенија во предучилишното воспитание* во Општина Василево, 18-19.4.2013 (Одлука бр. 2102-116/11).

Покрај ангажманот во наставната, научноистражувачката и во апликативната дејност д-р Деспина Сивевска активно е вклучена и во активности поврзани со организациските функции на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Од 2011 година таа е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки како претставник на асистентите. Работи како администратор за вклучување во Проектот-вредносни ваучер за набавување на компјутери, учебната 2012/2013 г. Член е во комисиите за спроведување на попис на ФОН, при УГД Штип за 2011, 2012 и 2013 година и во Комисијата за проверка на психофизички способности на кандидатите, при запишување на прв циклус универзитетски академски студии на ФОН, учебната 2012/2013 г. Исто така, член е и во Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии за учебната 2013/2014 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и повеќегодишното познавање на д-р Деспина Сивевска, а согласно со член 135 од Законот за високото образование на РМ и член 9, став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип („Универзитетски гласник“ број 26-2013), Комисијата го констатира следното: д-р Деспина Сивевска покажува соодветна компетентност во однос на извршување на наставно-научните обврски во наставно-научните области – педагогија и образование на наставници.

Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да му предложи **д-р Деспина Сивевска да ја избере во звање доцент за наставно-научните области педагогија и образование на наставници.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Соња Петровска, вонреден професор - претседател, с.р.**
**Д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, редовен професор - член, с.р.**
**Д-р Анета Баракоска, редовен професор - член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Позитивно рецензирана скрипта „Педагогија на слободно време“ | 1 | 8 | | | **8** |
| **2** | Позитивно рецензиран практикум „Педагогија на слободно време“ | 1 | 8 | | | **8** |
| **3** | Вежби | 16 | 0,5 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| **Ред. Бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание<br>труд бр.: 8 / 11 / 16 / 22 / 24 – во странство | | | 5 | 6 | **30** |
| **2** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир<br>труд бр.: 28 – во странство | | | 1 | 2 | **2** |
| **3** | Учество на научен собир со реферат (усно) потврда за учество бр.:<br>2/ 9/ 11 – во странство | | | 3 | 2 | **6** |
| **4** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| **5** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| **6** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | **8** |
| **7** | Рецензент на научен труд: Curkova University Faculty of education Journal, vol.42, No.2, October, 2013, ISSN: 1302-9967 | | | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **59,5** |
| | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>труд бр.: 21 / 23 – во земјава | 2 | 2 | | | **4** |
| **2** | Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир<br><br>труд бр.: 2/ 3/ 4/ 7/ 12/ 14/ 15/ 20/ 27 – во земјава<br><br>труд бр.: 1/ 5/ 6/ 9/ 10/ 13/ 17/ 18/ 19/ 25/ 26/ 29 – во странство | 9 | 2 | 12 | 3 | 18 + 36= **54** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Учество на стручен собир со реферат (усно)<br>потврда за учество бр.:<br>1/ 3/ 5/ 6/ 7/ 10 - во земјава<br>потврда за учество бр.:<br>4/ 8/ 12 – во странство | 6 | 0,5 | 3 | 1 | 3 + 3= **6** |
| **4** | Учесник на научен проект | 3 | 5 | | | **15** |
| **5** | Член на факултетски орган<br>1. Член на Наставно-научен совет на Факултетот за образовни науки при УГД, Штип (Одлука бр. 2102-203/92 од 19.10.2011)<br>2. Член во Комисија за доделување на ваучери на студентите од ФОН (администратор за вклучување во Проектот-вредносни ваучер за набавување на компјутери, учебната 2012/13 (Одлука бр. 2102-385/8 од 28.9.2012)<br>3. Член во Комисија за спроведување на попис на ФОН при УГД - Штип за 2011 година (Одлука бр.0701-1195/16 од 18.11.2011)<br>4. Член во Комисија за спроведување на попис на ФОН при УГД - Штип за 2012 година (Одлука бр. 0701-1153/15 од 3.12.2012)<br>5. Член во Комисија за спроведување на попис на ФОН при УГД - Штип за 2013 година (Одлука бр.0701-1233/19 од 11.11.2013)<br>6. Член во Комисија за проверка на психофизички способности на кандидатите, при запишување на прв циклус универзитетски академски студии на ФОН, учебната 2012/2013 (Одлука бр. 2102-26/17 од 11.6.2012)<br>7. Член во Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии за учебната 2013/2014 (Одлука 2102-187/8, од 17.06.2013) | 7 | 2 | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **93** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | (НО) 24 + (НИ) 59,5 + (САОР) 93 | | | | **176,5** |